# ПОЕДИНЕЧЕН ДОГОВОР

врз основа на рамковната спогодба бр.03-304/___ од ___.___.2024 год. за ДЕЛ 4- Камено брашно за изработка на асфалтни мешавини од варовничко потекло за Асфалтна база Битола во времетраење од 2(две) год. од отворена постапка бр. 11702/2024 (55-О/2024)

Овој договор е склучен помеѓу:

1.ДОГОВОРЕН ОРГАН:,,Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје,, ц.о.-Скопје, застапувано од В.Д.Директор Нуредин Фетаи дипл.правник,во понатамошен текст како Договорен орган.

(ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР)
2. Друштво за производство, трговија и услуги,,ДИМАКС РУДНИЦИ,, ДООЕЛ, Сопотница , Демир Хисар застапувано од управител Славе Димовски, во понатамошен текст како Економски оператор.

Член 1

Договорниот орган и Економскиот оператор имаат склучено рамковна спогодба за набавка на стока- Камено брашно за изработка на асфалтни мешавини од варовничко потекло за Асфалтна база Лепенец, Велес, Штип и Битола во времетраење од 2(две) год..за потребите на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта"- Скопје ц.о. бр.11702/2024 (55-О/2024) и врз основа на склучената рамковна спогодба произлегува овој поединечен договор.

Член 2

Составен дел на овој поединечен договор е Понудата со усвоените единечни цени од Комисијата за јавни набавки по Оглас за доделување на поединечен договор за јавна набавка бр.11702/2024 (55-О/2024) за ДЕЛ 4- Камено брашно за изработка на асфалтни мешавини од варовничко потекло за Асфалтна база Битола и Извештајот од спроведена постапка.

Член 3

Единечните цени ќе бидат важечки за цело времетраење на овој поединечен договор и дадени се во понудата на Економскиот оператор и изнесува:

ДЕЛ 4 - Камено брашно за изработка на афалтни мешавини од варовничко потекло за Асфалтна база Битола

1 т x 2.200,00 ден./т. = 2.200,00 ден.без ддв

Оддалеченоста на каменоломот ,,ТОПЛИЦА,,с.Слоештица од Асфалтната база Битола (ул. Бистра бб-населба Буримечка) е 40 км.

Вредноста на овој поединечен договор за ДЕЛ 4 не смее да надмине повеќе од 1.520.000,00 (еденмилион петстотиниидваесет) денари без вклучен ддв или 1.793.600,00 еден милион седумстотинидеведесетитри илјади и шестотини) денари со вклучен ддв.

Член 4

Поединечниот договор се склучува за период од 24 (дваесетичетири) месеци. Економскиот оператор е должен да ја следи искористеноста на вредноста на поединечниот договор и во случај да дојде до надминување на поединечниот договор а Договорниот орган нема известување од страна на Економскиот оператор, фактурите нема да бидат прифатени.

Член 5

Договорниот орган е должен да ја превземе стоката од Економскиот оператор во рок од 1 (еден) ден по писмена нарачка во возила на Договорниот орган според Техничката Спецификацијата која е составен дел од оваа постапка.

Член 5

Договорниот орган е должен да ја превземе стоката од Економскиот оператор во рок од 1 (еден) ден по писмена нарачка во возила на Договорниот орган според Техничката Спецификацијата која е составен дел од оваа постапка.

Нарачката ќе биде направена од страна на Договорниот орган, согласно со потребите на истиот во текот на две години од потпишување на оваа рамковна спогодба. Договорниот орган не е во обврска да ја порача и прими целокупната предвидена количина наведена во техничката спецификација.Испораката на стоките ќе се врши со писмена нарачка на Нарачателот односно Договорниот орган во текот на две години.

Член 6

Камено брашно (филер) од варовничко потекло за изработка на асфалтни мешавини потребно е да ги задоволува испитувањата од физичко-механички карактеристики на каменото брашно(филер) и гранулометриски состав наведени во техничката спецификација од тендерската документација:

| Отвор на сито во мм. | Премин на сито (%) |
|---|---|
| 0,063 | 70-100 |
| 0,125 | 80-100 |
| 2 | 100 |

Физичко-механички карактеристики на каменото брашно (филер) да бидат потврдени со Технички извештај од акредитирана лабораторија за тестирање согласно EN ISO/IEC 17025, без разлика дали е во Република Северна Македонија или во странство.

-Техничките барања на материјалот (Согласно Законот за градежни производи сл.в. бр.104 од 24.06.2015 год. член 8 и член 9 ) да се потврдат со Изјава за својствата согласно систем за оцена од сертифицирани од Акредитирано сертификационо тело EN ISO/IEC 17065 и издадени решенија за именување на тело од Министерството за економија

Трошоците за издавање на атестите се на терет на Економскиот оператор.

Договорниот орган има право да изврши контрола на квалитетот на испорачаната стока во текот на испораката, на примерок кој ќе го избере договорниот орган.

Член 7

Цените по кој се реализира оваа рамковна спогодба се дадени во член 3 од рамковната спогодба, а во цената се вкалкулирани сите трошоци од производство до утовар на стоката во возилата на Д.О.

Член 8

Економскиот оператор се обврзува во прилог на фактурите да достави испратници потпишани од определено лице на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. Скопје за примените стоки.

Економскиот оператор издава испратница за стварната количина на стоките.

При изготвување на фактурата , носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на договорниот орган,место,седиште,даночен број.
-Број и датум на рамковната спогодба
-Количини со описот на видот на предметот на набавката
-Единечна договорна цена
-Вкупна цена на фактурата
-Валута на плаќање
-Рок на исплата на фактурата
-Прилог кон фактурата уредно заверена и потпишана испратница со полно име и презиме од двете договорни страни.

Ако извршената испорака не содржи испратница, потпишана од Економскиот оператор и Договорниот орган, испораката нема да биде признаена од страна на Договорниот орган.

Член 9

Во случај на доцнење со испораката на стоката ,предмет на јавна набавка во поединечниот договор од страна на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,5 ‰ (промили) за секој ден доцнење, но не повеќе од 5% проценти од вредноста на неиспорачаната стока.

Во случај на неиспорака, Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Економскиот оператор за испорака на стоката, предмет на поединечниот договор, во дополнително оставениот рок од 2 (два) дена, да го раскине поединечниот Договорот со изјава согласно ЗЈН.

Во случај на став 3 од овој член, Економскиот оператор е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Економскиот оператор дека го задржува своето право на договорна казна

Член 10

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го изврши вирмански во рок од 60 (шеесет) дена од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. Скопје на сметка на Е.О.

Член 11

Квалитетното, односно целосното, совесното и навременото извршување на обврските на поединечниот договор, Економскиот оператор го гарантира со доставена безусловна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување со висина од 10 % од вкупната вредност на овој поединечен договор за јавна набавка со вклучен ддв

Важноста на поединечниот договор е до вредносно искористување на средствата од поединечниот договор или не подолго од 2 (две) година од денот на потпишување на поединечниот договор

Со денот на доставување на договорот и банковата гаранција до Јавно претпријатите за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о-Скопје, поединечниот договор стапува на сила, односно се отпочнува со реализирање на истиот

Член 12

Со потпишување на овој поединечен договор Договорните страни се обврзуваат дека во целост ќе ги применуваат истите услови од основната рамковна спогодба.

УЧЕСНИК ВО ПОЕДИНЕЧЕН ДОГОВОР
(ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР)
ДТПУ Димакс Рудници ДООЕЛ ,Демир Хисар

Славе Димовски

ДОГОВОРЕН ОРГАН
„Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта"- СКОПЈЕ ц.о.
В.Д ДИРЕКТОР

Нуредин Фетаи дипл.правник

Изработил : В.Маркоска
Контролирал : М Георгиевска